0110400019
Reçu CLT / CIH / ITH
Le 08 JAN. 2015
N° 0030

# LIST OF INTANGIBLE CULTURAL HERITAGE IN NEED OF URGENT SAFEGUARDING

## DEADLINE 31 MARCH 2014 FOR A POSSIBLE INSCRIPTION IN 2015

### REPUBLIC OF MACEDONIA - GLASOECHKO - MALE TWO-PART SINGING IN DOLNI POLOG

### ANNEXE – RELEVANT EXTRACT OF THE INVENTORY

### (MACEDONIAN)

Со овој допис, Управата за заштита на културното наследство орган во состав на Министерство за култура на Република Македонија, како одговорно тело за заштита на културното наследство, потврдува дека „Гласоечко, машко двогласно пеење од Долни Полог“ е впишано во националниот регистар на културно наследство на Република Македонија како културно наследство од исклучително значење, поткатегорија големо значење.

Процесот на впишување на елементот, „Гласоечко, машко двогласно пеење од Долни Полог“, започна на иницијатива на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. Управата за заштита на културното наследство, доби предлог за впишување на ова нематеријално културно добро (арх. бр. 28-3974/1). По препорака на тој предлог а во врска со член 40, став 2, подстав 2 од Законот за заштита на културното наследство ( бр. 20/40, 115/07, 118/11), на 08.03.2011 година, Експертска Комисија предложи елементот „Гласоечко, машко двогласно пеење од Долни Полог“ да биде прогласено за културно наследство од исклучително значење, поткатегорија големо значење (арх. бр. 28-3974/4).

Книгите на Националниот Регистар на културно наследство на Република Македонија се чуваат во Министерството за култура на РМ, каде се достапни на јавен увид.

Од 2013 година во функција е и електронскиот *Национален информативен систем за културното наследство на Република Македонија* http://niskn.gov.mk/ од каде го издвојуваме овој пример:



**Назив на доброто**:„Гласоечко, машко двогласно пеење од Долни Полог"
**Вид на документација**: дигитална фотографија*
**Сопственик**: Мирослав Гавровски
**Датум на создавање**: 27.05.2010 год.

## I – ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОБРОТО

### 1. Назив на доброто

Двогласното машко пеење во Долни Полог, Тетовско, Република Македонија

### 2. Класификација на доброто

3.1.4.2. Народна вокална музика

### 3. Географска локација на доброто

Регионот Долни Полог се наоѓа во северозападна Македонија, помеѓу западната падина на планина Жеден и јужната падина на Шар Планина, односно е сместен на пространата рамнина на реката Вардар. Овој простор одамна бил населен, за што сведочат голем број пронајдени предмети уште од 5-от и 6-от век. Исто така забележани се остатоци за континуиран развој на населбите, изразен преку бројни археолошки наоди: некрополи, ранохристијански градби, средновековни цркви и други сведоци на културното наследство на овие простори. Населението кое го населува овој регион е заокружена етнографска целина со свои етнички и антрополошки карактеристики. Регионот Долни Полог се дели на два дела и тоа:

- „Поселье" - кој ги опфаќа населбите Јегуновце, Сиричино, Ратае, Ротинце, Копанце, Прељубиште, Жилче, Јанчишта и Подбреѓе, кои се наоѓаат во самата долина по течението на најголемата река во Македонија, Вардар

- „Подгор" - кој ги опфаќа населбите Теарце, Лешок, Непроштено, Рогачево и други, кои се наоѓаат во самото подножје на планината Шар Планина.

Културното добро „Двогласното пеење од Долни Полог, тетовско" се сретнува најмногу во регионот „поселье" иако, со мали измени, се сретнува и во селата од регионот „подгор"

### 4. Опис на доброто

Двогласното пеење во Долни Полог е карактеристична вокална традиционална форма само за овој регион, а со самото тоа е и од големо значење за културниот идентитет за населението. Самиот назив на овој тип пеење кое локалното население го нарекува „гласоечко" или „селско" ја потврдува неговата социјална и културна функција која со генерации наназад се пренесува по орален пат, како дел од локалната традиција. Начинот на пеење, односно карактеристичното бордунско движење, пред се е карактеристично за машките песни, но во варирана форма се сретнува и кај женското пеење од овој регион. Понекогаш пеењето го праткитикуваат и мешани групи. „Гласоечки" се пее во група од два до три пеачи, на слави, седенки, свадби, трпези и други социјални собори.

Во музичка смисла, „гласоечки" се песни кои се пеат двогласно, бордунски, со специфична мелодиска линија и карактеристичен однос помеѓу двата гласа. За

разлика од ваквиот тип песни во поголемиот дел од Македонија, во овој регион гласовите имаат развиен однос, па бордунот, кој вообичаено е глас со статична, лежечка функција, во Долни Полог тој се движи во контрапунктирачки однос со првиот водечки глас.

Стилот на пеење е силен, карактеристичен за планинско население, што е подразбирливо бидејќи овој регион е сместен во подножјето на најголемата планина во Македонија. Песните најчесто се испеани во слободен rubato ритам, но се сретнуваат и песни во 2/4 или 4/4 ритам кој се изведуваат во придружба на оро. Ритмичните песни скоро секогаш се со љубовен текст. Песните често се придружувани со кавал и гајда.

Народот ова пеење го нарекува „гласоечко“ при што еден глас „виши“ а другиот глас, бордунот, „сложи“. Во социјален контекст, секој од пеачите има точно дефинирана улога, па така се знае во селото кој со кого пее, кој ја води мелодијата, а кој „слага“ односно го пее вториот глас. Кога еднаш ќе се создаде триото, тогаш тоа останува неразделно засекогаш. Доколку еден од пеачите не е присутен, тогаш песната не се пее. Ваквиот социјален контекст е силен и карактеристичен за песните од постариот слој, што ја потврдува важноста за нивно зачувување и одржување како дел од традиционалната култура на овој регион.

Двогласните песни од Долни Полог, тетовско, се пренесуваат по орален пат, од генерација на генерација. Сепак, денешната состојба укажува на сериозно нарушување на пренесувањето на оваа традиција, бидејќи младата популација се помалку има можност да го слушне овој вид на пеење. Во дел од селата сеуште може да се сретне по една група од два или три пеачи над 60 годишна возраст кои се поретко умеат да запеат „гласоечки“ песни. Ваквата состојба се должи на повеќе општествени фактори, но најпотенциран е факторот на миграција на младата популација од село во град, затварање на одредени економски капацитети од овој регион, како и промената на демографската структура на населението.

Исто така, голема заслуга за зачувување, но и за подигање на свесноста за карактеристиките и исклучителноста на овој вид пеење за овој регион прави и машката група „трио Гавровски“ од село Сиричино. Оваа група ова пеење го негува со генерации, со пренесување од татко на син. Најмладиот член на групата е и еден од наведените носителите на културното добро Мики Гавровски.

* Сите мултимедијални документи се достапни за симнување од веб страната.

Reçu CLT / CIH / ITH
Le 06 JAN. 2015
N° 0012

# LIST OF INTANGIBLE CULTURAL HERITAGE IN NEED OF URGENT SAFEGUARDING

## DEADLINE 31 MARCH 2014
## FOR A POSSIBLE INSCRIPTION IN 2015

## REPUBLIC OF MACEDONIA - GLASOECHKO - MALE TWO-PART SINGING IN DOLNI POLOG

## ANNEXE – RELEVANT EXTRACT OF THE INVENTORY

## (ENGLISH)

With this letter and on behalf of the Ministry of culture of Republic of Macedonia, The Cultural Heritage Protection Office of Republic of Macedonia as a responsible body for protection of the cultural heritage, confirms that the element "Glasoečko, male two-part singing in Dolni Polog" is inscribed in the National Registry of Cultural Heritage of Republic of Macedonia as an *exceptional cultural heritage, subcategory great heritage.*
The process of inventorying the "Glasoečko, male two-part singing in Dolni Polog"as an ICH element, started in the initiative of the Institute for Folklore research "Marko Cepenkov" – Skopje (authorized institution for safeguarding of intangible cultural goods). The Cultural Heritage Protection Office received a proposal for inscription of this element (ref. No. 28-3874/1). According to that proposal and regarding article 40, paragraph 2 subparagraph 2 of the State Law for protection of the cultural heritage (бр. 20/40, 115/07, 118/11), on 08.03.2011, the Board of ICH experts recomended that the proposed element "Glasoečko, male two-part singing in Dolni Polog" should be inscribed/proclaimed as an *exceptional cultural heritage, subcategory great heritage.*

The Cultural Heritage Protection Office of Republic of Macedonia adopted this recommendation and proclaimed the element which is now listed in the National Registry of Cultural Heritage as an *exceptional cultural heritage, subcategory great heritage* (ref. No. 28-3874/4).
Three books of the National Registry of Cultural Heritage of Republic of Macedonia are publicly open as a hard copy in the Ministry of Culture of Republic of Macedonia.
From 2013 the electronic version of the Registry is in function http://niskn.gov.mk/ from where we provide this extract:



**Name of the element**: Glasoechko - male two-part singing in Dolni Polog
**Type of document**: digital photo *
**Copyrights:** Miroslav Gavrovski
**Date:** 27.05.2010

| I – IDENTIFICATION OF THE ELEMENT |
|---|

| 1. NAME OF THE ELEMENT |
|---|
| Glasoechko - male two-part singing in Dolni Polog |

| 2. Classification of the element |
|---|
| 3.1.4.2. Traditional vocal music |

| 3. Geographical location of the element |
|---|
| Dolni Polog is a region in Northwest Macedonia, located between the western slope of the mountain of<br>Zeden and the southern slope of the Shar Planina on the wide plane by the river Vardar. This region has been populated for centuries, as witnessed by the numerous artefacts dating from the fifth and sixth centuries. Remnants have also been noted of a continuous development of the settlements, as illustrated by various archaeological findings. The region is inhabited by Macedonian and Albanian population, demographic structure which is rapidly changing in the last 20 years.<br>The Dolni Polog region is divided into two parts:<br>- Poselje - with the villages of Jegunovce, Sirichino, Ratae, Rotince, Kopance, Prellubishte, Zhilche,<br>Janchishta and Podbregje, in the valley along the river Vardar<br>- Podgor - with the villages of Tearce, Leshok, Neproshteno, Roqachevo and other, at the very bottom of the mountain Shar Planina. |

| 4. Description of the element |
|---|
| The two-part singing in Dolni Polog is a traditional music vocal form characteristic for this region alone, and thus of enormous importance of the cultural identity of the population. The very name of this type of singing, called by the local population "Glasoechko" (glas = voice, on voice) or "communal", confirms its social and cultural function, which has for centuries been orally passed onto the generations as part of the local tradition. The mode of singing, the characteristic drone principle, is primarily typical of male songs, but versions of it could also be encountered in the female rite singing in this region. Glasoechko is performed in groups of two or three, at celebrations, assemblies, weddings, dinner parties and other social gatherings. The singing is always spontaneous and anticipates the culmination of the event in bringing the attendees together. The songs sang in a "Glasoechki" manner are epic or lyrical, not ritual, most often with mythological or love lyrics. The very fact that the lyrics could be of epic or mythological character underscores their importance in passing on the tradition, since through the transmission of songs, the history, beliefs and mythology of the local population are being transferred as well. From a musical perspective, "Glasoechki" are songs performed in a drone type of polyphony, with a specific melodic line and a characteristic relation between the two parts. Unlike these types of songs in most of the other parts of Macedonia, the voice parts in this region have a dynamic relationship so that the drone voice may move contrapuntally in relation to the first, leading voice. |

The people calls this type of singing "glasoechko" in which one voice "vishi" (leads) and the other, the drone, "slozhi" (supports). In a social context, each singer has a clearly defined role, and it is common knowledge in the village who sings with whom, who leads the melody and who offers support, that is, sings the drone. Some singers may play both roles if necessary. Once the trio is formed, it remains so for good. The songs are performed in non-ritual occasion, but also during work in the field when songs were often performed antiphonically. This social context is strong and typical of songs of the older layer, confirming the importance for their preserving and nurturing as part of the traditional culture of the region.

Even though these songs are called "Glasoechki" or communal, there are different variants throughout the villages, mainly concerning the intonation. The so-called "Gatalechki" (soothsaying) songs, which have a more rhythmic structure and lyrics, are a subgroup of this singing style. The "Glasoechki" songs are part of this region's tradition and are recognized as such by the local population, who make a clear distinction between their mode of singing and the one of the nearby region of Gorni Polog. The local population distinguishes its singing style in its melodic/rhythmic features, the manner of performing, the lyrics and the occasion when they are performed. Thus, the practitioners recognize this element as an important part of their cultural heritage.

The bearers of this tradition are prominent individual singers who have acquired their knowledge through direct learning – by imitating the musical talent of their predecessors. The modern way of life which has, in the last few decades, completely replaced the traditional one, has left significant consequences on the development of rural traditional culture, including the oldest types of traditional singing such as Glasoechko. The Glasoechko singing is transmitted orally, from one generation to the next. Nevertheless, the situation nowadays suggests a serious break in the passing on of this tradition since the younger population has fewer opportunities to hear this mode of singing. One could still encounter groups of older singers who could perform "glasoechki" songs on very rare occasions.

There is an attempt to foster and transmit this cultural asset by the Folk group Izvor from the municipality of Jegunovce, which, in the process of educating the younger generations in traditional folk singing and dancing, is trying to invite a group of older male or female singers performing this style of singing. Enormous credit for nurturing and raising the awareness for the features and the extraordinariness of this kind of singing in the region is due to the male group Gavrovski Trio from the village of Sirichino. The group has been fostering this type of singing for generation, passing it on from father to son. The youngest member of the group and one of the listed bearers of this cultural asset is Miki Gavrovski.

* All multimedia documents are public and available on the website.